# Музичка програма во чест на Водици во Охрид

Среда, 12 Јануари 2011 23:04

**По повод големиот христијански празник Водици, на 19 јануари во Охрид се организира традиционалното фрлање на осветениот крст во водите на Охридското Езеро.**

**Во музичкиот дел од програмата кој е во организација и под покровителство на продукцијата С НАЦИОНАЛЕ, со свои песни ќе настапат Сузана Спасовска, Мишко Талески, Јулија, Гоце Џуклески, група Елегија и Боби Анде и До Ре Ми.**

**Православните христијани ќе можат да уживаат во празничните песни на реномираните македонски изведувачи, инспирирани од традиционалниот дух на македонскиот народ.**